АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05-823/12
19.05 2020 год.viti
Скопје-Shkup

Друштво за компјутерско образование
СЕМОС КОМПЈУТЕРСКИ ОБРАЗОВЕН ЦЕНТАР ДОО
Бр. 0307-146
27.05. 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 став 4 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19) и Одлуката за избор на најповолна понуда Бр.05-823/9 од 05.05.2020 година, на ден _________2020 година се склучува

**Д О Г О В О Р**
**за набавка на посебни услуги – услуги за обука за напредни вештини од областа на информатичките технологии**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, со седиште на ул."Васил Ѓоргов" бр.43 - Скопје, застапувана од Директорот Билјана Јовановска (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,
   и
2. **Друштво за компјутерско образование СЕМОС КОМПЈУТЕРСКИ ОБРАЗОВЕН ЦЕНТАР ДОО Скопје** со седиште на бул.Кузман Јосифовски Питу бр.19 локал 8 - Скопје, застапувано од Управител Валентина Тасева (во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на посебни услуги – услуги за обука за напредни вештини од областа на информатичките технологии, согласно техничките спецификации содржани во тендерската документација по Оглас бр.01/2020, за следниве програмски модуларни пакети, односно делови на набавка:

ДЕЛ 1: **Модуларен програмски пакет System Engineer**

| **Модуларен програмски пакет System Engineer** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Модул за обука | Број на часови по модул | Назив на титула | Број на слушатели |
| 1 | CCNA – Implementing and Administering Cisco Solutions | 40 | MCSA: Windows Server 2016 (70-740;70-741; 70-742) | 25 |
| 2 | 20742: Identity with Windows Server 2016 | 40 | | |
| 3 | 20740: Installation, Storage, and Compute with Windows Server 2016 | 40 | | |

ДЕЛ 2: **Модуларен програмски пакет Cloud Administrator**

| **Модуларен програмски пакет Cloud Administrator** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Модул за обука | Број на часови по модул | Назив на титула | Број на слушатели |
| 1 | CCNA – Implementing and Administering Cisco Solutions | 40 | AWS Certified Solution Architect – Associate (SAA-C01) | 20 |
| 2 | 20742: Identity with Windows Server 2016 | 40 | | |
| 3 | AWS Cloud Practitioner Essentials & Architecting on AWS | 30 | | |

ДЕЛ 3: **Модуларен програмски пакет Automation Tester**

| Модуларен програмски пакет Automation Tester | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Модул за обука | Број на часови по модул | Назив на титула | Број на слушатели |
| 1 | Java Fundamentals | 40 | ISTQB Foundation Tester (CTFL-001) | 25 |
| 2 | ISTQB Software Testing Foundation | 24 | | |
| 3 | A4Q Selenium Tester Foundation | 24 | | |

ДЕЛ 4: **Модуларен програмски пакет UX Design Specialist**

| Модуларен програмски пакет UX Design Specialist | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Модул за обука | Број на часови по модул | Назив на титула | Број на слушатели |
| 1 | Веб дизајн процес (вклучено Creative Thinking) | 24 | Adobe Certified Associate in Multiplatform Animation using Adobe Animate CC 2018 (ACA_701) | 25 |
| 2 | Кориснички UX/UI принципи (вклучено Adobe XD) | 30 | | |
| 3 | Adobe Animate + ACA Exam | 30 | | |
| 4 | Веб оптимизација и аналитика | 30 | | |
| 5 | SCRUM Master Certified | 20 | | |
| 6 | Дизајн на веб страна (практичен предмет) | 24 | | |

ДЕЛ 5: **Модуларен програмски пакет ISTQB Software Tester**

| Модуларен програмски пакет ISTQB Software Tester | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Модул за обука | Број на часови по модул | Назив на титула | Број на слушатели |
| 1 | ISTQB Software Testing Foundation | 24 | ISTQB Foundation Tester; (CTFL-001) ISTQB Agile Tester (CTFL-AT) | 25 |
| 2 | ISTQB Foundation Extension Agile Tester | 16 | | |
| 3 | Scrum Master Certified | 20 | | |

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Листите на цени за секој дел на набавката посебно (дел 1, 2, 3, 4 и 5), се дадени во Конечната понуда на носителот на набавката 13.05.2020 година, составен дел на овој Договор.

ДЕЛ 1

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| Модуларен програмски пакет System Engineer | лице | 25 | 137.100,00 | 3.427.500,00 | / |
| Вкупна цена без ДДВ 3.427.500,00 денари<br>Со зборови: три милиони четиристотини дваесет и седум илјади и петстотини денари | | | | | |

ДЕЛ 2

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| Модуларен програмски пакет Cloud Administrator | лице | 20 | 154.039,00 | 3.080.780,00 | / |
| Вкупна цена без ДДВ 3.080.780,00 денари<br>Со зборови: три милиони осумдесет илјади седумстотини и осумдесет денари | | | | | |

ДЕЛ 3

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| Модуларен програмски пакет Automation Tester | лице | 25 | 119.772,00 | 2.994.300,00 | / |
| Вкупна цена без ДДВ 2.994.300,00 денари<br>Со зборови: два милиони деветстотини деведесет и четири илјади и триста денари | | | | | |

ДЕЛ 4

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| Модуларен програмски пакет UX Design Specialist | лице | 25 | 85.480,00 | 2.137.000,00 | / |
| Вкупна цена без ДДВ 2.137.000,00 денари<br>Со зборови: два милиони сто триесет и седум илјади денари | | | | | |

ДЕЛ 5

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| Модуларен програмски пакет ISTQB Software Tester | лице | 25 | 110.382,00 | 2.759.550,00 | / |
| Вкупна цена без ДДВ 2.759.550,00 денари<br>Со зборови: два милиони седумстотини педесет и девет илјади петстотини и педесет денари | | | | | |

Вкупната цена на услугите од член 1 на овој Договор, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува **14.399.130,00 МКД** (четиринаесет милиони триста деведесет и девет илјади сто и триесет денари).

Услугите предмет на набавка на овој договор не подлежат на плаќање ДДВ (Данокот на додадена вредност изнесува 0.00 денари).

## V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 4

Цената искажана во понудата на Носителот на набавката е фиксна и не е предмет на било какви прилагодувања за време на извршувањето на Договорот.

## VI. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

По спроведувањето на тестирање на знаењето на кандидатите и по направената селекција, Носителот на набавката треба да достави до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија фактура за исплата на набавените ваучери за официјална акредитирана сертификација, како и приложена ранг листа со учесниците во обуката.

Сериските броеви на издадените ваучери за секој корисник на обуката, кои ќе бидат доставени во прилог на фактурата, треба да бидат поделени по поединечни модуларни програмски пакети.

Плаќањето на услугите кои се предмет на набавка ќе се изврши од потсметката за активни програми и мерки за вработување, согласно Оперативниот План за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година, во рок од 15 дена од денот на приемот на фактурата (доставена согласно став 1 и 2 на овој член) во архивата на Договорниот орган на ул. "Васил Ѓоргов" бр.43-Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.

## VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Овој договор се склучува за времетраење од 12 месеци од денот на потпишувањето на истиот, кое времетраење го покрива исполнувањето на правата и обврските уредени со овој договор.

Член 7

Носителот на набавката е должен услугите предмет на набавка да ги изведе на начин и во број на часови што се определени со курикулумите кои ги нудат гигантските корпорации со основна дејност во производство на софтвер-развој на софтверски апликации, тестирање на квалитетот на развиените апликации, производство и имплементација на мрежна опрема и хостирање на cloud сервиси.

Обуките од еден модуларен програмски пакет треба да се реализираат на македонски јазик во период од 4 (четири) месеци од денот на формирање на ранг листите, врз основа на понудениот план за реализација на активности од страна на авторизираниот тренинг центар.

Носителот на набавката има обврска да направи претходна проверка на нивото на знаење на кандидатот со цел вклучување во соодветниот модуларен програмски пакет, за што на селектираните кандидати ќе им биде издаден ваучер.

Лицата кои редовно посетувале обука, што значи присуствувале на најмалку 70% од часовите, за секој модул на обука поодделно, по завршување на истата ќе им биде издадено уверение за редовно посетувана обука, а на лицата кои успешно ќе го/ги положат испитот/испитите, ќе им биде издаден официјален акредитиран сертификат во соодветната област.

Ваучерите треба да се со важност до првична излезност на испит/и на секое од лицата вклучени во обука, а истите треба да се искористат во рок од најмногу 3 (три) месеци по завршување на обуките.

Во случај да не го положат испитот за добивање на официјален акредитаран сертификат во редовниот термин, односно во рокот предвиден во став 5 од овој член, слушателите имаат право на повторен испит во дополнителен рок од 3 (три) месеци) на сопствен трошок.

Член 8

Носителот на набавката се обврзува да го одржува периодот на важност на ваучерите до исполнување на целосната квота на кандидати и да им овозможи на слушателите полагање на повторен испит во дополнителен рок од 3 месеци, на трошок на слушателот.

Член 9

Носителот на набавката има обрска да подготви финален извештај по група за посетување на обуките во определен програмски пакет кој ќе вклучи основни информации за содржината на обуките, динамика по која се одвивале обуките, листа на слушатели и листа за редовност на слушателите, како и податоци за издадени уверенија за редовно посетувана обука и издадени официјални акредитирани сертификати.

## VIII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, според условите од истиот, Носителот на набавката го гарантира со доставување на безусловна банкарска гаранција издадена од реномирана (респектабилна) банкарска институција, во висина од 10% од вредноста на Договорот.

Договорниот орган може да ја наплати гаранцијата како надомест на штета, што ја претрпел поради повреда на договорните обврски од страна на Носителот на набавката.

Доколку дојде до наплата на гаранцијата, истото ќе резултира со издавање на негативна референца за предметниот Носител на набавката, на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

Во услови на навремено и квалитетно извршување на обврските, гаранцијата му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на Договорот.

## IX. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 11

Носителот на набавката е должен за потребите на Договорниот орган да ги испорача услугите од чл.1 на овој Договор во целост според условите од тендерската документација по Оглас бр.01/2020, како и важечките прописи, правила и стандарди за овој вид на услуги, на начин и во број на часови што се определени со модуларните програмски пакети на обука (курикулуми) кои ги нудат гигантските корпорации со основна дејност во производство на софтвер-развој на апликации и тестирање на квалитетот на развиените апликации.

Член 12

Носителот на набавката се обврзува на:

- Организирање и спроведување на претходна проверка - тестирање за избор на корисници на обуки за модуларните програмски пакети наведени во член 1 на овој Договор;
- Спроведување на обуки во секој регион каде има минимум 10 пријавени и успешно положени кандидати во процесот на прелиминарна селекција, со обезбедување на официјална литература во електронска форма, како и соодветни ваучери за полагање на секој од испитите посебно;
- Подготовка на кандидатите за сертификација (самостојно учење);
- Подготовка и доставување на месечни извештаи за редовноста на кандидатите;
- Подготовка и доставување на финален извештај по група за посетување на обуките во определен модуларен програмски пакет;
- Доделување на уверенија за посетувана обука;
- Спроведување на испити, подготовка и доставување на извештај за успешност на кандидатите од полагањето на истите,
- Доделување на официјален акредитиран сертификат на кандидатите кои успешно го/ги положиле испитот/испитите; и
- Овозможување непречен увид на договорниот орган во комплетниот тек на обуката.

## X. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 13

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за непречено извршување на услугата од страна на Носителот на набавката.

Член 14

Договорниот орган се обврзува на:

- Доставување на листа на потенцијални корисници на обуките;
- Дефинирање на регионите на одржување на обуките по завршена прелиминарна селекција во соработка со Носителот на набавката и
- Плаќање на договорената цена на Носителот на набавката, на начин определен во член 5 на овој Договор.

**XI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

Член 15

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

**XII. ВИША СИЛА**

Член 16

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**XIII. ЗАЕДНИЧКИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 17

Договорните страни може да ги изменат и/или дополнат одредбите од овој Договор само спогодбено со склучување Анекс на Договорот доколку се исполенти условите согласно член 119 од Законот за јавните набавки.

Договорната страна која бара измени и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Измените и дополнувањата на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 18

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основен Граѓански Суд Скопје .

Член 19

За следење на реализацијата на овој договор, Договорниот орган го определува лицето Даниел Аврамски – Соработник за активни мерки за вработување, вработен кај Договорниот орган, кој има задача по целосна реализација на договорот, да доставаи известување за реализиран договор до Одделението за јавни набавки.

Член 20

Овој Договор е составен во 5 (пет) еднакви примероци, од кои 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Договорен орган
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Сељатин Бељули
Заменик претседател на Комисија за јавна набавка
Марија Петровска
Раководител на Одделение за јавни набавки
Весна Пешова
Раководител на Сектор за правни и административни работи

Директор
Билјана Јовановска

За Носителот на набавката
**Друштво за компјутерско образование**
**СЕМОС КОМПЈУТЕРСКИ ОБРАЗОВЕН**
**ЦЕНТАР ДОО Скопје**

Управител
Валентина Тасева